# 92. Т'РБА, Т'РБИ, ГЕВГЕЛИЈА




**Т'рба, т'рби Гевгелија, сите Турци надавија**
**сите Турци надавија од јунака Леонида**
**цар испратил до три војски, до три војски митирински,**
**прва војска Гевгелиска, втора војска е Струмичка,**
**трета војска е Дојранска, да го барат Леонида.**
**Сека војска по иљада, а Леонид сал со двајца**
**го барале и го нашле, во Ѓаводско Ѓуров дол.**
**Проговара јузбашија: „ Еј јунаку Леонида,**
**предај ми се ти на мене, ќе те пратам при султана.**
**Елај вамо, јузбашијо да ти кажам два три збора,**
**какво право ваш'то право, да се бијат три иљади,**
**три иљади со три мина, а рамени не броени.**
**Си извади Леонида си извади револверот**
**па си стрела јузбашија и на крајот сам се уби.**